ООУ Ѓорѓија Пулевски

ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ„

Бул. Јане Сандански бр.27А ,Скопје тел. 2444-415 e-mail gpulevski@yahoo.com

**КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЃОРГИЈА ПУЛЕВСКИ“-Аеродром, Скопје**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат правилата на облекување за учениците во основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“ се задолжително носење на училишна облека, која се состои од следното :

- **Поло блуза** со долги ракави/кратки ракави во бела боја, со амблем во пределот на градите на кој е напишан називот на училиштето.
- **Дуксер со тегет боја** , со амблем во пределот на градите на кој е напишан називот на училиштето.

**Член 2**

Како долен ден учениците треба да носат пантолони/тренерки.**Неприфатливи се куси панталони, куси здолништа, панталони со низок струк, фармерки со сечени делови.**

**Член 3**

Училишната облека е задолжителна за сите ученици за време на часовите, како и за време на сите активности кои се изведуваат надвор или во училишната зграда.

**Член 4**

Училишната облека треба да биде секогаш чиста и уредна.

**Член 5**

**Неприфалтиво за учениците во училиштето е носење на чевли со високи потпетици, капи, пирсинг, шминка, вештачки додатоци како нокти, трепки и слично.**

**Член 6**

Од родителите и учениците се очекува да го почитуваат овој кодекс на облекување. Доколку некој ученик не е во можност да ја носи задолжителната облека одреден ден поради оправдани причини, родителот е должен до училиштето да достави изјава во која се објаснети причините за тоа.

**Член 7**

За секој ученик кој што нема да го почитува овој кодекс, а за тоа нема изјава од родителот ќе се применат соодветни педагошки мерки.

**Член 8**

Со денот на влегување на овој правилник на сила, престанува да важи Правилникот за облекување на учениците од Општинското основно училиште „Ѓорѓија Пулевски'- Аеродром со архивски број 05-588/2 од 02.10.2023 година.

**Член 9**

Овој правилник стапува на сила од 01 Октомври 2024 година.

Директор

м-р Александар Филипчев